Јавно претпријатие за управување на хидросистемска дејност
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 02-32/6
13.01.2026 год.

Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), член 37-м од Законот за јавните претпријатија претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 22 и член 23 од Законот за работните односи и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-12266/2 од 25.12.2025 година и бр.19-12266/4 од 31.12.2025 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидати по Јавен оглас бр.02/2025 за вработување на неопределено време на еден (1) извршител со статус на давател на јавни услуги во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип

### Член 1

1. За работното место Технички директор со шифра КДР 0305 А01 039, се избира кандидатот:
   - **Сашо Наневски од Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог одлука за избор по Јавен оглас бр.02/2025.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на неопределено работно време на работното место за кое беше распишан јавниот оглас по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и на огласна табла на јавното претпријатие.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 27.12.2025 година во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ објавен е Јавен оглас бр.02/2025 за вработување на неопределено време на еден (1) извршител со статус на давател на јавни услуги на работното место Технички директор со шифра КДР 0305 А01 039.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на неопределено време на еден (1) извршител со статус на давател на јавни услуги на работното место Технички директор со шифра КДР 0305 А01 039, по пат на јавен оглас бр.02/2025, формирана од Директорот со решение бр.04-753/4 од 29.12.2025 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-32/2 од 13.01.2026 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат, за кое состави записник бр.04-32/4 од 13.01.2026 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Јавниот оглас бр.02/2025.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлука за избор по Јавниот оглас бр.02/2025, Директорот на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на приговор до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
13.01.2026

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

Подготвил: Марија Насевска
Одобрил: Маја Стојчева